# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА
# ПРОБИШТИП

Број 8/2026 20.07.2026 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), и член 38 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на Општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 13-та редовна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 17.07.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2025 година бр.26-840/3;
2. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 годинабр.26-840/4;
3. Одлука за усвојување на Финансиски план на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година на донаторска сметка бр.26-840/5;
4. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.06.2026 година бр.26-840/6;
5. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на манифестации во организација на Општина Пробиштипза 2026 година бр.26-840/7;
6. Одлука за утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2026“ бр.26-840/8;
7. Одлука за утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Концерт 28 Август“ 2026 година бр.26-840/9.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-840/11
20.07.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година, расправајќи по Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2025 година поднесена од Центарот за јавно здравје Штип П.Е.Пробиштип, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2025 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2025 година, бр.26-811/1 од 02.07.2026 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/3
17.07.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 28 став 3 од Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008,

92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и Службен Весник на РСМ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година, постапувајќи по барањето поднесено од СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип бр. 03-305/17 од 09.07.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

Член 1

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Средното општинско училиште „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2026/2027 година и тоа:

| Вид на образование/година | **Гимназиско образование** | | | **Спортска гимназија** | **Сектор: Машинство** Квалификација: машински техничар | **Сектор:** Геологија, рударство и металургија Кавлификација: Геолошко-рударски техничар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I (прва) | 23 | 22 | / | / | 21 | 16 |
| II (втора) | 22 | 24 | / | / | 22 | 11 |
| III (трета) | Природно-математичко, ком.А | Природно-математичко, ком.Б | Општествено хуманистичко ком.А | | | |
| | 22 | 11 | 15 | 13 | 13 | 3 |
| IV (четврта) | Природно-математичко, ком.А | Природно-математичко, ком.Б | Општествено - хуманистичко ком.А | | | |
| | 11 | 10 | 13 | 7 | 16 | 6 |

Член 2

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15, 23/2019 и 9/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Финансиски план на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година на донаторска сметка**

Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Финансискиот план на Општинското Основно Училиште „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година на донаторска сметка 757011081278540 и донаторска сметка 757011081278554.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот план на Општинското Основно Училиште „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година на донаторска сметка 757011081278540 и донаторска сметка 757011081278554.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовскис.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр. 05-150/4 од 15.07.2026 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/6 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024) и член член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност (Службен Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13 и 187/13), а во врска Програмата за одржување на манифестации и настани во 2026 година, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на манифестации во организација на Општина Пробиштипза 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува продолжено работно време на сите угостителски објекти во Општина Пробиштип за најмногу два часа од утврденото работно време согласно Законот за угостителска дејност, за време на одржување на следните манифестации:

- манифестацијата „Probistip summer festival 2026“ - Пробиштип во деновите 24 и 25 Јули 2026 година
- Празникот „Илинден” во Злетово на ден 02.08.2026 година
- „Концерт по повод 28 Август“ на 28.08.2026 година
- „Рудар рок фест“ на 29.08.2026 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/7  
17.07.2026 година  
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП  
ПРЕТСЕДАТЕЛ  
Бојан Серафимовскис.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2026“, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2026“**

Член 1

Согласно Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/27 од 09.12.2025 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2025) се утврдува дека манифестацијата „Probistip summer festival 2026“ ќе се одржи во деновите 24 и 25 Јули 2026 година на локацијата на Градскиот пазар во Пробиштип.

Член 2

За одржување на оваа манифестација од страна на општина Пробиштип предвидени се 9 локации за поставување на угостителска опрема секоја во површина до најмногу 150 м 2. Ќе се изнајмуваат и тезги кои веќе се поставени во пазарот за продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, крофни, а на истите се забранува продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и храна.

Член 3

Почетните цени за закуп на локациите ќе изнесуват 30.000,00 денари за штандовите со храна и пијалаци, цените за штандовите каде ќе се точи само пиење ќе изнесуваат 20.000,00 денари за двата дена.

Цената за закуп на тезга ќе изнесува 2.000,оо денари за двата дена (за секои 2м2 површина). Во цената ќе бидат вкалкулирани трошоците за струја и за закуп на простор.

Член 4

Начинот на издавање на локации и тезги: По пат на лицитација ќе бидат распоредени локациите. Странките се обврзуваат да склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

Член 5

Локации за поставување на угостителска опрема ќе се издаваат само на правни лица кои се регистрирани да вршат таква дејносот, а тезгите за продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, крофни може да се издаваат на правни и на физички лица.

Член 6

Средствата собрани од издавање на локации и тезги за време на одржувањето на манифестацијата „Probistip summer festival 2026“ се приход на општина Пробиштип и истите ќе бидат искористени строго наменски за подмирување на дел од трошоците кои ќе настанат на фестивалот.

Член 7

Закупците на просторот на Градскиот пазар, потребно е да се пријават во УЈП Пробиштип, при што на штандот треба да постават фискален апарат доколку се фирма, доколку се физички лица потребно е да се пријават во УЈП за да се определи паушален данок.

Во смисла на напред наведеното, Општина Пробиштип се оградува од било какви неправилности, доколку ги има.

Член 8

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со одржување на манифестацијата „Недела на спорт и култура“ – 28.08.2026 година, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.07.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Концерт 28 Август“ 2026 година**

Член 1

Согласно Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/27 од 09.12.2025 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2025) се утврдува дека манифестацијата „Концерт 28 Август“ ќе се одржи на 28 Август, 2026 година на локацијата на Градскиот плоштад Свети Гаврил Лесновски во Пробиштип.

Член 2

За одржување на оваа манифестација од страна на општина Пробиштип предвидени се 3 локации за поставување на угостителска опрема секоја во површина до најмногу 150 м 2. Ќе се поставуваат и тезги за продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, крофни, а на истите се забранува продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и храна.

Член 3

Цените за закуп на локациите ќе изнесуват 30.000,00 денари за штандовите со храна и пијалаци и цените на штандовите каде ќе се точи само пиење ќе изнесуваат 20.000,00 денари, а цената за закуп на тезга ќе изнесува 1.000,оо денари (за секои 2м2 површина). Во цената ќе бидат вкалкулирани трошоците за струја и за закуп на простор.

Член 4

Начинот на издавање на локации и тезгите: По пат на лицитација ќе бидат распоредени локациите. Странките се обврзуваат да склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

Член 5

Локации за поставување на угостителска опрема ќе се издаваат само на правни лица кои се регистрирани да вршат таква дејносот, а тезгите за продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, крофни може да се издаваат на правни и на физички лица.

Член 6

Средствата собрани од издавање на локации и тезги за време на одржувањето на манифестацијата „Концерт 28 Август" 2026, се приход на општина Пробиштип и истите ќе бидат искористени строго наменски за подмирување на дел од трошоците кои ќе настанат на фестивалот.

Член 7

Закупците на просторот на Градскиот пазар, потребно е да се пријават во УЈП Пробиштип, при што на штандот треба да постават фискален апарат доколку се фирма, доколку се физички лица потребно е да се пријават во УЈП за да се определи паушален данок.

Во смисла на напред наведеното, Општина Пробиштип се оградува од било какви неправилности, доколку ги има.

Член 8

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-840/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
17.07.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.